# САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

## ООУ „ДРАГА СТОЈАНОВСКА“ с.Ракотинци, општина Сопиште, Скопје

**за период од _2022__ до __2024_ година**



Јуни,2024

| **Самоевалуација на училиштето** | |
|---|---|
| **Училиште** | ООУ „Драга Стојановска“ |
| Адреса | Ул „1“ бр. 2А с. Ракотинци - Сопиште |
| Телефон, е-пошта | 02 2742 022<br>ou-draga-stojanova.sopiste@t.mk,<br>ooudragastojanovska@gmail.com |
| Период на подготовка на СЕУ | Април- јуни, 2024 година |
| Број на ученици во училиштето | На македонски наставен јазик- 277<br>На турски наставен јазик – 52 ученици |
| Број на подрачни училишта | 4 (четири) – ПООУ „Драга Стојановска“ с.Сопиште<br>ПООУ „Драга Стојановска“ с.Добри Дол<br>ПООУ „Драга Стојановска“ с.Долно Соње<br>ПООУ „Драга Стојановска“ с.Држилово |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | М-р Јасмина Паметковска |
| Потпис | |
| Датум | |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Наташа Мицевска |
| Потпис | |
| Датум | |

## Подрачје 1: Планирање, настава и учење

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| 1.1 **Планирања на наставниците**<br>**1.2 Наставен процес**<br><br>**1.3 Искуства на учениците од учењето**<br><br>**1.4 Оценувањето како дел од наставата**<br><br>**1.5 Вонаставни активности и натпревари** |

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 1.1 Планирања на наставниците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Интервју од директор, педагог, психолог, анкетни листови за наставници, ЛППР на наставниците | Поддршка и следење на планирањата на наставниците | Училиштето им дава поддршка на наставниците за поуспешно подготвување и осовременување на НПП и ЛППР (Личен план за професионален развој), преку посетување на семинари, вршење дисеминација од посетени обуки и семинари, работа на проекти и сл. Во училиштето има пропишани приоди и утврдени процедури за следење на квалитетот на планирањата на наставниците, од страна на директорот и стручните соработници. Најмалку двапати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот и / или стручните соработници и наодите од следењето се користат за подобрување на процесот на планирање на наставата.<br><br>Според спроведената анкета на (40)наставници во однос на следење на нивните планирања од страна на директорот и стручната служба, најмалку два пати во полугодието, со 50% - се изјасниле дека целосно се согласувваат и 50% - се согласуваат.<br><br>Добивам навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата од спроведената анкета 17.5% одговориле со целосно се согласувам, 60% одговориле се согласувам, 20% не се согласувам а 2,5 %целосно не се согласувам. |
| | Размена на искуства и на информации при планирањето | Во рамките на стручните активи, наставниците разменуваат искуства за планирањата на часовите, најмалку два пати во полугодието.<br>Од спроведената анкета на 40 испитаници 65% одговориле со се согласувам, 22,5 % – целосно се согласувам, 10% - не се согласувам и 2,5% - целосно не се согласувам. |
| **Индикатор 1.2 Наставен процес** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Наставните планови и програми на | Реализација на наставни планови и програми | Сите наставници имаат подготвени годишни, тематски планирања за редовната, додатната и дополнителната настава и подготовки за наставен час, како и за |

| | | |
|---|---|---|
| наставниците<br><br>Интервју со директор, педагог, психолог<br><br>Анкетни прашалници за наставници, ученици родители<br><br>Извештаи од работата на инклузивниот тим во училиштето<br><br>Извештаи од одржани МИО активности | | вonнаставни активности, кои ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на часот. Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од МОН. Наставните планови, програми и индивидуалните образовни планови во целост се реализираат во пропишаниот обем. Во наставните содржини вклучени се сите точки на акции од воспоставените еколошки стандарди за одржлив развој и еколошки теми, часови со интегрирани цели од МИО, ненасилство и професионална ориентација. |
| | Избор на наставни предмети | Постапката за избор на слободни изборни предмети се изведува согласно Процедурата за слободни изборни предмети. На крајот на учебната година учениците добиваат анонимен прашалник за нивните интереси. Понатаму тоа се разгледува и се понудуваат слободни изборни предмети согласно интересите на учениците и расположивиот наставен кадар.<br>Според спроведената анкета за родители на прашањето - Запознаен/а сум со со листата на изборни / слободни изборни предмети и активности, 56,4% - целосно се согласувам, 42,6% - се согласувам и 1,1% не знам/немам информација. |
| | Избор на задачи, активности и на ресурси | Наставниците користат разни ресурси во зависност од потребите на часот. Училиштето согласно расположливиот буџет набавува нагледни средства. Сите училници се снабдени со прожектори и со 6 интерактивни табли на ниво на училиште. Во делот на ресурси потребен е континуитет на набавки. Според спроведената анкета на наставниците на прашањето Во наставата користам различни ресурси за учење и настава 52,5% - се изјасниле со целосно се согласувам, додека 47,5% - се согласувам.<br>На прашањето Во наставата користам приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми – 45%- се изјасниле со целосно се согласувам, додека 55% - се согласувам. |
| | Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно | Во наставата најчесто се применува интеракцијата со учениците со цел да се подобри учењето, практичната настава и да се поттикне самооценувањето и поттикнување на попријатна работна клима во училницата.<br>Според спроведените анкети помеѓу наставниците, учениците и родителите, |

| | | |
|---|---|---|
| | | наставниците ја почитуваат личноста на учениците и не се забележува стреотипен приод на наставникот кон ученикот.Училиштето има интерен начин за следење на наставниот процес и истиот редовно се применува. Наставниците ги охрабруваат учениците преку примена на методот на поттикнување кој се остварува преку пофалби, награди, признанија, натпревари, преку организирање на самостојна работа и вклучување во истражувачки постапки<br>Според спроведената анкета на наставниците на прашањето - Редовно ги пофалувам учениците за постигнатите резултати, 72,5% - одговориле целосно се согласувам и 27,5% - се согласувам,<br>Родителите на истото прашање одговориле, 47,9% - целосно се согласувам, 42.6% - се согласувам. 8.5% -не се согласувам и 1,1% - целосно не се согласувам.<br>Учениците на ова прашање се изјасниле со 52.6, – целосно се согласувам. 42.3% - одловориле се согласувам. 3.1% - не знам немам информација. 1% - не се согласувам и 1% - воопшто не се согласувам.<br>На прашањето - На моите часови, учениците честопати работат на начини кои подразбираат интеракциіа помеѓу нив – наставниците се изјасниле, 60% - целосно се согласувам. 37.5% - се согласувам и 2.5% - не се согласувам.<br>На прашањето - а најголем број од часовите, сите ученици сме активно вклучени во наставата (поставуваме, прашања, дискутираме, работиме во групи). Учениците се изјасниле 46,4% - целосно се согласувам, 46,4% - се согласувам, 5,2% - не се согласувам и 2,1% - воопшто не се согласувам. |
| | Реализација на образовна инклузија | Во училиштето работи Инклузивен тим, како и Тим за надарени и талентирани ученици. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно законската регулатива. Училиштето активно соработува со надлежниот ресурсен центар за унапредување на наставата за учениците со попреченост. Сите наставници имаат изготвени долгорочни, среднорочни и краткорочни (во склоп на дневните планирања) ИОП – и за учениците со ПОП, кои ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на часот. Континуирано се следи напредокот на учениците со ПОП, преку изготвени инструменти.<br><br>Во нашето училиште во оваа учебна година има вкупно 4 ученици со посебни образовни потреби. Еден од учениците користи образовна асистенција како и помош од стручните соработници педагог и психолог. Сите учениците добиваат поддршка од |

| | | |
|---|---|---|
| | | наставниците прифатени се од соучениците, редовни се во наставата и се вклучени во сите наставни и вонnаставни активности според нивните можности. |
| | Активности за меѓуетничка интеграција во образованието | Тимот за училишна интеграција го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО и за тоа подготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи. Во училиштето има добри примери на активности преку кои се негува меѓуетничката интеграција во образованието.<br><br>Во училиштето успешно се реализира и спроведува проектот Меѓуетничка интеграција во образованието со активности на ниво на училиште и со партнер училиштето ,,Даме Груев,, с.Ерџелија – Свети Николе, активности на ниво на училиште со подрачното училиште во Држилово во кое наставата се изведува на турски јазик. |

| **Индикатор 1.3 Искуства на учениците од учењето** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Анкетни прашалници за родители и ученици | Средина и атмосфера за учење | Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и мотивирачка средина која поттикнува интерес за учење. Секој ученик добива можност да има изложен труд во училницата и во училиштето. Учениците во училиштето имаат пристап до различни материјали за учење.<br><br>Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците, односно користат разновидни форми на работа кои придонесуваат учениците активно да учествуваат во активностите за време на часот. Во наставата се користат приоди кои поттикнуваат решавање проблеми, а учениците се охрабруваат самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот.<br><br>На спроведената анкета за родители на прашањето - Училиштето го чувствувам како безбедна средина за моето дете 55,9% - одговориле се согласувам, 40,9% - |

| | | |
|---|---|---|
| | | целосно се согласувам и 3,2% - не се согласувам.<br><br>На спроведената анкета за родители на прашањето - Училиштето го чувствувам како мотивирачка средина за моето дете 48,9% - се согласувам, 45,7% - целосно се согласувам, 3,2% - не се согласувам и 2,1% - целосно не се согласувам. |
| | Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците | Наставниот кадар и стручните соработници системски ги идентификуваат образовните потреби на учениците. Во процесот на учење, пак, наставниците преземаат активности за задоволување на потребите на учениците и отстранување на пречките при учењето.<br><br>На спроведената анкета од наставниците на прашањето - Ги поттикнувам учениците да поставуваат прашања кога нешто не разбираат или сакаат да знаат повќе 75 % се изјасниле со целосно се согласувам додека 25 % се согласувам.<br><br>На спроведената анкета со учениците на истото прашање со 56,7 %- целосно се согласувам, 37,1 %- се согласувам, 5,2 % - не се согласувам, и 1 % - воопшто не се согласувам.<br><br>На спроведената анкета со учениците на прашањето- На часовите користиме различни материјали и извори за учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели) 49,5 %-одговориле со целосно се согласувам, 39,2 % одговориле со се согласувам, 10,3 % - не се согласувам и 1 % - не знам/немам информација.<br><br>Според спроведената анкета со родителите на прашањето - Моето дете во училиштато има пристап до различни материјали за учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели) 45.7 % се изјасниле –се согласувам, 30,9 % - целосно се согласувам, 17% - не се согласувам, 4,3% - не знам/немам информација и 2,1% - целосно не се согласувам. |
| **Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Статистички извештај од успехот на крајот на | Училишна политика за оценување | Планирањата на наставниците содржат јасни насоки за тоа што се очекува да научат учениците (кои се очекуваните исходи од учењето), на кој начин и кога. Начинот на |

| | | |
|---|---|---|
| учебната 2022/23 и полугодието на учебната 2023/24<br><br>Планирања на наставниците<br><br>Инструменти за следење на континуитетот на постигнатиот успех на учениците | | оценување е јасно утврден во планирањето, а наставниот кадар информациите од оценувањето ги користи, за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето. |
| | Методи, форми и инструменти за оценување | Наставниците користат различни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците. Голем акцент се става на вреднувањето на тековните постигања на учениците и идентификувањето на идните активности што ќе се применуваат во учењето и поучувањето.<br>На спроведената анкета на наставниците на прашањето - Учениците редовно ги вклучувам во оценуваењето(самооценување,меѓусебно оценување, градење критериуми и сл.) 37,5% одговориле со - целосно се согласувам, 60% - се согласувам, додека 2,5% - не се согласувам.<br>На спроведената анкета со ученици на прашањето - Наставниците користат различни начини за проверка на моите знаења (усна проверка, тестови, наставни листови и сл.). 60,8% се изјасниле со целосно се согласувам, 36,1% - се согласувам, 2,1% - не се согласувам и 1% - воопшто не се согласувам. |
| | Коефициент на континуитет на успехот на учениците | Во училиштето наставата се реализира на македонски и турски наставен јазик, во истата се опфатени ученици од македонска и турска националност. Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигнувањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди и презема активности за нивно подобрување.<br><br>Училиштето води целосна и уредна евиденција за постигањата на учениците со податоци за напредокот на истите добиени како резултат на проценка направена од страна на наставниците по сите наставни предмети.<br><br>Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи по квалификациони периоди, тие извештаи се доставуваат кај стручната служба и раководниот кадар на училиштето кои ги обработуваат, сумираат, ги презентираат на Наставнички совет.<br><br>Извештаите располагаат со податоци за постигањата на учениците според пол и според јазикот на кој учениците ја следат наставата. Тие податоци и извештаи се чуваат во училишната документација и за истите се запознати Советот на родители, |

| | | |
|---|---|---|
| | | Училишниот одбор, Општина Сопиште, МОН во рамките на Полугодишните и Годишните извештаи за работата на училиштето. Во истите табеларно, сукцесивно и прецизно се евидентирани постигањата на учениците во нашето училиште.<br><br>Средниот просек на ниво на училиште за крајот на учебната 2022-23г. изнесува на македонски јазик – 4.47, додека на турски јазик – 4.29 . Полугодишниот успех за учебната 2023-24г. на македонски јазик изнесува – 4.17, додека на турски јазик 4.13<br><br>Коефициентот на континуитет на успехот е помал за 0,30 на македонски јазик и на турски јазик помал за 0, 16. |
| | Користење на информациите од оценувањето во наставата | Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците. Голем акцент се става на вреднувањето на тековните постигања на учениците и идентификувањето<br>на идните активности што ќе се применуваат во учењето и поучувањето.<br>Според спроведената анкета на учениците на прашањето -Наставниците редовно ме известуваат за моите постигнувања и начините за нивно подобрување. 51,5% - се изјасниле со целосно се согласувам, 43,3% - се согласувам, 3,1% - не се согласувам, 2,1% - не знам/немам информација.<br>Според спроведената анкета на наставниците на прашањето - На учениците им кажувам што добро научиле а што треба дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања.57,5% - одговориле целосно се согласувам, 42,5% - се согласувам.<br>На анкетното прашање за родители - Наставниците му даваат насоки на моето дете како подобро да учи 52,1% одговориле со целосно се согласувам, 40,4% - се согласувам, 4,3% - не се согласувам, 2,1% - - не знам/немам информација 1,1% - целосно не се согласувам. |
| **Индикатор 1.5 Воннаставни активности и натпревари** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |

| | | |
|---|---|---|
| Тековни извештаи на наставниците од реализирани вонноставни активности, МИО активности, реализирани eTwinning проекти, | Обем и разновидност на планираните и реализираните вонноставни активности | Нашето училиште планира и реализира вонноставни активности кои имаат широка содржина, како и различни форми за вклучување на учениците. Вонноставните активности ги одразуваат и задоволуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен и социјален развој. Вонноставните активности обилуваат со разновидност од типот на спортски, еколошки активности, литературни,ликовни и музички манифестации, учество на натпревари, учество во разновидни проекти |
| | Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со вонноставните активности | Сите ученици активно се вклучени во вонноставна активност и тоа по сопствен избор. Групите се хетерогени и обезбедуваат меѓуетничка интеграција и основи за градење соживот.<br><br>Учениците со ПОП се вклучени во вонноставните активности, според своите можности и интереси.<br><br>Според спроведената анкета на учениците на прашањето - Во училиштето имам избор на различни вонноставни активности (на пр. клубови, проекти, акции) 48,5% одговориле се согласувам, 36,1% - целосно се согласувам, 11,3% - не се согласувам, 3,1% - воопшто не се согласувам и 1% - не знам/немам информација, |
| | Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во вонноставните активности | Во училиштето се реализираат вонноставни активности предложени од учениците. Учениците се вклучени во подготвувањето на програмите за вонноставни активности, со помош и поддршка од училиштето.<br><br>Според спроведената анкета за родители на прашањето - Изборните предмети / активности кои ги посетува моето дете ги има избрано согласно своите интереси 53,2% одговориле целосно се согласувам, 44,7% - се согласувам, 1,1% - не се согласувам и 1,1% не знам/немам информација. |
| | Натпревари | Учениците работат на проекти, учествуваат на различни манифестации и постигнуваат високи резултати на натпреварите од различни области, организирани од акредитирани здруженија на општинско, регионално и државно ниво. Учениците со освоените награди на натпреварите, но и на другите активности кои имаат |

| | | |
|---|---|---|
| | | натпреварувачки карактер, придонесуваат за афирмација на училиштето.<br><br>Според спроведената анкета на учениците на прашањето - Наставниците ме поддржуваат и мотивираат да учествувам во различни проекти и натпревари, 49,5, – целосно се согласувам, 38,9% - се согласувам, 7,4% - не се согласувам, 3,2% - не знам/немам информација и 1,1% - воопшто не се согласувам. |

## Подрачје 1: Планирање, настава и учење

**Опис/резиме на подрачјето:**

Училиштето им дава поддршка на наставниците за поуспешно подготвување и осовременување на НПП и ЛППР (Личен план за професионален развој), преку посетување на семинари, вршење дисеминација од посетени обуки и семинари, работа на проекти и сл. Во училиштето има пропишани приоди и утврдени процедури за следење на квалитетот на планирањата на наставниците, од страна на директорот и стручните соработници. Најмалку двапати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот и / или стручните соработници и наодите од следењето се користат за подобрување на процесот на планирање на наставата.

Сите наставници имаат подготвени годишни, тематски планирања за редовната, додатната и дополнителната настава и подготовки за наставен час, како и за вонаставни активности, кои ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на часот. Планирањата на наставниците содржат јасни насоки за тоа што се очекува да научат учениците (кои се очекуваните исходи од учењето), на кој начин и кога. Начинот на оценување е јасно утврден во планирањето, а наставниот кадар информациите од оценувањето ги користи, за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето.

Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од МОН. Наставните планови, програми и индивидуалните образовни планови во целост се реализираат во пропишаниот обем. Во наставните содржини вклучени се сите точки на акции од воспоставените еколошки стандарди за одржлив развој и еколошки теми, часови со интегрирани цели од МИО, ненасилство и професионална ориентација.

Училиштето ги нуди сите изборни / слободни изборни активности и предмети, предвидени со НПП од МОН и Водичот за слободни изборни предмети во основното образование од БРО. Постапката за избор на наставни предмети се применува во целост, со доследно почитување на потребите и интересите на учениците.

Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и настава. Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин. Активностите се со различно ниво на сложеност, а изборот на задачите е приспособен на индивидуалните образовни потреби  и различните стилови на учење на учениците.

Нашето училиште обезбедува и промовира еднаквост на сите ученици независно од полот, националноста, етничката и верската припадност и социјалниот статус. Наставниците се проактивни во создавање клима за надминување на полови, етнички, религиски и други стереотипи и предрасуди во однос на културните разлики, способностите, физичкиот хендикеп, интелектуална попреченост итн. Изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците. Различните интерактивни методи промовираат градење на доверба меѓу наставниците и учениците.

Во училиштето работи Инклузивен тим, како и Тим за надарени и талентирани ученици. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно законската регулатива. Училиштето активно соработува со надлежниот ресурсен центар за унапредување на наставата за учениците со попреченост. Сите наставници имаат изготвени долгорочни, среднорочни и краткорочни (во склоп на дневните планирања) ИОП – и за учениците со ПОП, кои ги содржат  неопходните елементи за успешна организација и реализација на часот. Континуирано се следи  напредокот на учениците со ПОП, преку изготвени инструменти.

Тимот за училишна интеграција го спроведува акцискиот план за  следење на реализацијата на активностите за МИО и за тоа подготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи. Во училиштето има добри примери на активности преку кои се негува меѓуетничката интеграција во образованието.

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и мотивирачка средина која поттикнува интерес за учење. Секој ученик добива можност да има изложен труд во училницата и во училиштето. Учениците во училиштето имаат пристап до различни материјали за учење.

Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците, односно користат разновидни форми на работа кои придонесуваат учениците активно да учествуваат во активностите за време на часот. Во наставата се користат приоди кои поттикнуваат решавање проблеми, а учениците се охрабруваат самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот.

Наставниот кадар и стручните соработници системски ги идентификуваат образовните потреби на учениците. Во процесот на учење, пак, наставниците преземаат активности за задоволување на потребите на учениците и отстранување на пречките при учењето.

Училиштето ги применува законските и подзаконските прописи што го регулираат оценувањето на учениците, и има дефинирана политика за оценувањето, чија основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. Училиштето има усогласени стандарди и критериуми за оценување на учениците и со нив учениците и родителите се целосно запознаени.

Наставниците користат различни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците. Голем акцент се става на вреднувањето на тековните постигања на учениците и идентификувањето на идните активности што ќе се применуваат во учењето и поучувањето.

Нашето училиште планира и реализира воннаставни активности кои имаат  широка содржина, како и различни форми за вклучување на учениците. Воннаставните активности ги одразуваат и задоволуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен и социјален развој. Сите ученици активно се вклучени барем во една воннаставна активност и тоа по сопствен избор. Групите се хетерогени и обезбедуваат меѓуетничка интеграција и основи за градење соживот.

Учениците со ПОП се вклучени во воннаставните активности, според своите можности и интереси.

Во училиштето се реализираат воннаставни активности предложени од учениците. Учениците се вклучени во подготвувањето на програмите за воннаставни активности, со помош и поддршка од училиштето. Работат на проекти, учествуваат на различни

манифестации и постигнуваат високи резултати на натпреварите од различни области, организирани од акредитирани здруженија на општинско, регионално и државно ниво. Учениците со освоените награди на натпреварите, но и на другите активности кои имаат натпреварувачки карактер, придонесуваат за афирмација на училиштето.

**Силни страни:**

- Училиштето им дава поддршка на наставниците за поуспешно подготвување и осовременување на НПП и ЛППР.
- Наставниците користат стратегии на поучување кои соодветствуваат на образовните потреби и можности на учениците и нивните стилови на учење.
- Различните ресурси се употребуваат на функционален начин и во насока на примена на современи приоди во наставата.
- Нашето училиште обезбедува еднаквост на сите ученици, независно од етничката припадност и култура.
- Наставниците се проактивни во создавање клима за надминување на стереотипи и предрасуди.
- Во училиштето работи Училишен инклузивен тим.
- Во училиштето има добри примери на активности преку кои се негува меѓуетничката интеграција во образованието и мултикултурализмот.
- Учениците го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и мотивирачка средина.
- Наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци.
- Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот.
- Училиштето системски ги идентификува образовните потреби на учениците и презема активности за задоволување на истите.
- Училиштето има дефинирана политика за следење, анализа и поддршка на оценувањето.
- Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците.
- Училиштето планира и реализира воннаставни активности кои ги одразуваат и задоволуваат потребите и интересите на учениците и кои го поддржуваат нивниот личен и социјален развој.

**Слаби страни:**

- Зајакнување на соработката меѓу стручните активи, преку дисеминација и споделување добри практики.
- Во реализација на наставата да се употребуваат повеќе современи нагледни средства како смарт табли и современи методи и техники
- Учениците да бидат активно и во поголем процент вклучени во изборот и планирањето на воннаставните активности и изборните предмети

**Приоритети:** Според извршената самоевалуција на училиштето и резултатите од неа, за Подрачјето 1 Планирање, настава и учење, тимот кој работеше на ова подрачје предлага приоритети за надминување на слабите страни на училиштето. Со тоа ќе се придонесе за поголем напредок и развој на училиштето, осовременување на наставниот процес и подигнување на стандардите за учење.

- Зајакнување на соработката меѓу стручните активи, преку дисеминација и споделување добри практики.
- Во реализација на наставата да се употребуваат повеќе современи нагледни средства како смарт табли и други современи методи и техники

**ИЗРАБОТИЛЕ:**

**Координатор на тимот**: Елена Крстевска

**Членови**: Маја Димовска

Селда Хусеин

Магдалена Тоневска Симоневска

Славица Стаменова

Зоран Ристовски

## Подрачје 2: Постигања на учениците

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| **2.1 Постигања на учениците**<br>**2.2 Мерки за подобрување на постигањата** |

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 2.1 Постигања на учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Дневник на паралелките<br>Евидентни листови за успех и поведение<br>Прегледи за успех од тромесечие<br>Записници од Наставнички совет и одделенски совети<br>Записници од стручни активи<br>Анкети со наставници, родители и ученици<br>Годишна програма за работа<br>Извештај за работа на училиштето<br>Извештаи од стручна служба<br>Споредбени прегледи од резултати од оценувањето<br>Програма за работа со ученици со посебни потреби<br>Училишни програми и извештаи; самоевалуација; записници од стручни органи на училиштето; извештаи од стручните соработници; споредбени прегледи од резултатите од оценувањето, анализи на успехот; | Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди | Постигањата се следат преку обработка на претходно собрани статистички податоци во првото полугодие и крајот на учебната година.<br>Вкупниот број на ученици во ООУ „Драга Стојановска“ изнесува 329 ученици, од нив 277 се на македонски наставен јазик, а 52 на турски наставен јазик. На македонски наставен јазик бројот на машки ученици изнесува 153 а на женски 124. На турски наставен јазик бројот на машки ученици е 25, а на женски е 27.<br>**Успех по предмети**<br>Македонски јазик — Турски јазик<br>Одлични 32 ученици — 11 ученици<br>Мн.добри 28 ученици — 0 ученици<br>Добри 21 ученици — 2 ученици<br>Доволни 10 ученици — 6 ученици<br>Недоволни 0 ученици — 0 ученици<br>Среден успех 3,90 — 3,84<br>На македонски наставен јазик од VII-IX одделение успехот на учениците за првото полугодите од 2023/24 год. е 4,17. Во VII одделение просекот е 4,2. Во VIII одделение просекот е 4,06. Во IX одделение просекот е 4,28. |

| | | |
|---|---|---|
| анкети/интервјуа со наставници; програма за дополнителна настава; портфолио за напредокот на ученикот, резултати од, градски, државни, училишни натпревари. | | На турски наставен јазик од VII-IX одделение успехот на учениците за првото полугодите од 2023/24 год. е 4,13. Во VII одделение просекот е 3,89. Во VIII одделение просекот е 4,02. Во IX одделение просекот е 4,56.<br>Сумарниот просек на македонски и турски наставен јазик изнесува 4,16, со пад од 0,4 од минатата учебна година. |
| | Резултати од екстерни тестирања | Во нашето училиште не се спроведува екстерно тестирање. |
| | Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост | Најдобар период за идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост е после првото тромесечие затоа што учениците се веќе адаптирани во училишната средина и наставниците може да реферираат за успехот, можностите и постигнувањата на учениците. На прашањето на кој начин се дава поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот, во зависност од индивидуалните потреби се применува диференциран пристап, по потреба се намалуваат целите за работа со учениците со посебни образовни потреби, се работи со ИОП – Индивидуален образовен план, доколку има потреба за учениците со ПОП се обезбедува образовен асистент. Надарените ученици во текот на учебната година одат на натпревари.<br>Резултати од анкета за ученици<br>На првото прашање 87% од учениците се согласуваат дека добиваат помош и совети за подобар успех, делумно се согласуваат 11%, а 2% не се согласуваат. |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br><br>На второто прашање 83% од учениците се согласуваат дека преку додатна настава се продлабочуваат нивните знаења, а 17% дечумно се согласуваат.<br><br><br>Дека преку дополнителната настава имаат можност за подобрување на знаењата се согласуваат 91% од учениците,7% делумно се согласуваат, а само 2% не се согласуваат. |




На прашањето за повратна информација и препораки за напредок во учењето 83% од учениците се согласуваат, 14% делумно, а само 2% не се согласуваат.




Дека учениците се вклучени во оценувањето на знаењата од своите наставници се согласуваат 77%, делумно се согласни 21% , а 2% не се согласуваат.

| | | |
|---|---|---|
| | |  |
| | Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците | За постигањата на учениците родителите се известуваат на родителските средби, индивидуалните средби и преку електронскиот дневник.<br>Врз основа на спроведениот анкетен прашалник за родители дојдено е до следните заклучоци според дадените прашања :<br>На прашањето “Задоволни сте од постигнувањето на Вашето дете во училиштето.” 80% од родителите се изјасниле дека се задоволни од постигнувањата на учениците, 18% се изјасниле дека делумно се задоволни, додека 2% дека не се задоволни од постигнатиот успех на учениците. |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br>На прашањето "Одделенскиот раководител и другите наставници редовно и отворено Ве информираат за напредокот и постигнувањата на Вашето дете." 87% се изјасниле дека во целост се согласуваат, додека 13% делумно се согласуваат со прашањето. |




На прашањето “Наставниците преземаат конкретни активности за континуирано подобрување на постигнувањата на учениците од различен пол, етничка припадност и социјално потекло.” 85% се изјасниле дека се согласуваат, додека 13% делумно се согласуваат, а 2% не се согласуваат.




На прашањето “Наставниците им даваат поддршка и можности за напредок на учениците со посебни образовни потреби (со потешкотии и надарени).” 83% од родителите се согласуваат, додека 14% делумно се согласуваат, а 3% не се согласуваат.




На прашањето “Организирањето на дополнителна настава влијае за подобрување на успехот на учениците.” 85% се изјасниле дека се согласуваат, додека 9% делумно се согласуваат, а 6% од родителите не се согласуваат.

| | | |
|---|---|---|
| | | <br>На прашањето “Организирањето на додатна настава влијае за проширување на знаењата и афинитетите на учениците.” 84% од родителите се согласуваат, додека 13% делумно се согласуваат со прашањето, а 3% не се согласуваат. |

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td>


На прашањето “Вашето дете има можност да се вклучи во воннаставни активности според своите афинитети.” 83% од родителите се согласуваат, додека 14% делумно се согласуваат, а 3% не се согласуваат.
</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | |   На прашањето "Училиштето ги стимулира учениците преку натпревари, пофалби и награди." 77% од родителите се изјасниле дека се согласуваат, додека 19% делумно се согласуваат, а 4% од родителите не се согласуваат. |

| | | |
|---|---|---|
| | |  Училиштето ги стимулира учениците преку натпревари, пофалби и награди<br>4%<br>19%<br>77%<br>Се согласувам<br>Делумно се согласувам<br>Не се согласувам |

| Индикатор 2.2 Мерки за подобрување на постигањата | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Програми за работа на училиштето; извештаи на училиштето; список на деца од реонот на училиштето што треба да се запишат во прво одделение во основно образование (од надлежните служби од општината); преглед на запишани ученици според реонизацијата на општината; потребна документација за упис, анализите на опфатот, осипувањето и изостанувањето од наставата; интервју со стручните соработници и наставниците; увид во педагошката евиденција и документација; известувања на училиштето до надлежните органи (МОН, Државен/ општински просветен инспекторат - ДПИ и Центарот за социјални работи); записници од средби со родители и локалната самоуправа; евиденција на заминати или новодојдени ученици (преводници и др.); покани за советување; записници од одржани | Редовност во наставата | Вкупниот број на изостаноци на македонски и турски наставен јазик на полугодие од учебната 2023/2024 год. изнесува 3666. Вкупниот број на изостаноци на македонски наставен јазик изнесува 3020 а на турски наставен јазик изнесува 646. На македонски наставен јазик вкупно оправадани изостаноци се 3013, а неоправдани 7, оправдани изостаноци од машки пол изнесува 1527, а неоправдани 1. Женски пол оправдани 1416, а неоправдани 6. На турски наставен јазик вкупно оправдани изостаноци се 638, а неоправдани 8. Оправдани изостаноци од машки пол изнесува 401, а неоправдани 8. Женски пол оправдани има 237 изостаноци, а неоправдани 0. |
| | Советување на родители/старатели и ученици | Советувањето на родители/старатели и ученици го спроведува педагошко-психолошката служба по потреба со претходно консултирање со одделенските и предметните наставници. Советувањето се реализира преку индивидуални средби, а се однесува на успехот и изостаноците на учениците. |
| | Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава | За подобрување на постигањата на учениците, наставниците применуваат различни активни форми и методи на работа, креативни техники, употреба на ИКТ во наставата. Со тоа часовите се поинтересни, комуникацијата е поголема, и се остварува поголема соработка со наставниците. Во врска со тоа се спроведени и анкети со учениците и наставниците и родители и добиените резултати го потврдуваат искажаното.<br>Освен изготвување на програми, индивидуалниот пристап и постојаната поддршка на учениците, за подобрување на постигањата во редовната настава што подразбира и конкретни активности-истражувачки активности, примена на соодветни дидактички средства, различни методи и техники на учење, учење преку практични примери, учење преку игра, наставни листови во различни нивоа, планирање на настава во согласност со рефлексијата, дополнителна литература, давање пишани конкретни насоки, наставниците изготвуваат програма за дополнителна настава за учениците кои имаат тешкотии во учењето. Изготвуваат и програма за додатна настава за учениците што покажуваат интерес и постигнуваат значителни резултати во одделни области. Наставниците кои од учебната 2021/22 работат по новата концепција, |

| | | |
|---|---|---|
| советувања со родителите; известувања до Центарот за социјални грижи и до надлежен орган. | | планирањето на дополнителната и додатната настава го вршат во неделните планирања.<br>Резултати од анкета за наставници<br>На првото прашање од анкетниот лист ,, Преземам конкретни активности за континуирано подобрување на постигнувањата на учениците од различен пол, етничка припадност и социјално потекло,, 95%  од наставниците одговориле дека се согласуваат, а 5% од нив одговориле дека делумно се согласуваат.<br><br><br>Во однос на второто прашање  ,, Континуирано го следам и оценувам напредокот и постигнувањето на учениците применувајќи различни методи, техники и инструменти за оценување ,, - 93% од наставниците се согласуваат, а 7% од нив делумно се согласуваат. |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br>На третото прашање ,,Се консултирам со стручните служби за постигнувањето на учениците,, 73% од наставниците се согласуваат, а 27% од наставниците делумно е соласуваат. |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br>На четвртото прашање од анкетниот лист ,,Посетата на дополнителна и додатна настава влијае за подобрување и продлабочување на знаењата на учениците,, 73% од наставниците се согласуваат, а 27% од наставниците делумно е соласуваат. |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br>На петтото прашање ,,Го следам напредокот на учениците со потешкотии во учењето и давам поддршка со избирање на активности соодветни за нивните можности,, 90% од наставниците е согласуваат, а 7% од наставниците делумо се согласуваат. |




На шестото воедно и последно прашање од анкетниот лист за наставниците ,,Водам ученичко портфолио каде се собрани повеќе трудови, наставни ливчиња, контролни тестови кои родителите можат да ги разгледаат во секое време,, 88% од наставниците одговориле дека се согласуваат, а 12% од нив одговорле дека делумно се согласуваат со тоа.

| | | |
|---|---|---|
| | |  |
| | | Тимот од подрачје 2 „Постигања на ученици“ реализираше дискусија на фокус група со наставници од одделенска и предметна настава. Се дискутираше групната и тимската работа на часовите и беше констатирано дека наставниците често користат групна и тимска работа на ЕКО часовите, кога се анализира истражувачка, проектна активност по подрачја и одредени области, се со цел да се добијат оптмални резултати при учењето на нови содржини. Во текот на наставата наставниците водат евиденција за напредокот на учениците за секој предмет одделно и во одделенската и во предметната настава, водејќи портфолија со собран пишан доказ за нивната работа и постигањата. Одделенските раководители преку индивидуални средби и редовните родителски средби ги известуваат родителите за работата, постигањата и успехот на учениците. Во предметна настава се изготвени и отворени денови на предметните наставници кои во одреден временски период се слободни за прием на родители и споделување на напредокот на учениците за поедини предмети. Во одделенска и предметна настава се мотивираат учениците да учествуваат на натпревари преку зголемување на интересот за материјалот, преку |

| | | |
|---|---|---|
| | | наградување, вклучување со секции и други воннаставни активности. Наставниците преку следење на програмата, навремено предавање на материјалот, со одржување на дополнителна и додатна настава сметаат дека знаењата што ги добиваат учениците се доволни за да одговорат на писмените работи, контролните задачи и усмените испитувања. Одржувањето на дополнителната и додатната настава е потребна и ефикасна и наставниците мислат дека со соодветна селекција на ученици и според нивните потреби се усвојуваат знањата и секако се зголемуваат, прошируваат и продлабочуваат знаењата на надарените ученици и учениците кои сакаат повеќе да учат. Постигањата на учениците и сите нивни активности секојдневно медиумски се промовираат преку Фејсбук страната на училиштето и со дадена согласност од родителите. |

## Подрачје 2: Постигања на учениците

**Опис/резиме на подрачјето**

Во ООУ „Драга Стојановска“ с. Ракотинци - Сопиште наставата се реализира на македонски и турски наставен јазик и во истата се опфатени ученици од македонска и турска националност.

Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигнувањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди и презема активности за нивно подобрување.

Резултатите од анализите на извештаите се користат за подобрување на постигнувањата на учениците и воспитно-образовниот процес. Се споредуваат постигнувањата по квалификациони периоди и училиштето (наставниците и стручната служба) планира и презема активности за континуирано подобрување на постигнувањата.

За учениците со посебни образовни потреби идентификацијата се врши при самиот упис во училиште, додека за надарените и талентираните ученици согласно програмата и акциониот план за работа со надарени и талентирани ученици идентификацијата се врши во првото тромесечие.

Освен изготвување на програми, индивидуалниот пристап и постојаната поддршка на учениците, за подобрување на постигањата во редовната настава, наставниците изготвуваат програма за дополнителна настава и додатна настава.

Училиштето применува своја уписна политика при запишување во прво одделение која опфаќа: соопштение / оглас за упис во прво одделение со потребните документи и услови и доставување покани до родителите од нашиот реон според реонизацијата од општината. Уписот го врши комисија составена од психологот, педагогот и наставниците кои ќе водат прво одделение на начин предвиден во Законот за основно образование.

Во текот на целата наставна година се врши следење на редовноста на учениците и по потреба се преземаат мерките пропишани со Законот за основно образование и за сето тоа се води евиденција за редовност која стои во документацијата на психологот.

Според анализите во секој квалификационен период, редовноста на учениците задоволува. Отсуствата се најчесто оправдани со медицински белешки. Најголемиот број изостаноци се прават во сезоната на грип.

**Силни страни**

- Во нашето училиште прецизно се евидентирани сите податоци за постигнувањата на учениците. Училиштето располага со податоци за постигнувањата на учениците според пол, етничка припадност и според јазикот на кој учениците ја следат наставата.
- Се врши анализа и споредба на постигнувањата по квалификациони периоди и според истите училиштето планира и презема активности за континуирано подобрување на постигнувањата
- Наставниците во соработка со стручната служба ги идентификуваат учениците кои имаат тешкотии во учењето и кон нив имаат индивидуален пристап и диференцирани цели
- Наставниците изготвуваат Индивидуална образовна програма наменета за деца со посебни образовни потреби и по потреба се врши

| |
|---|
| ревизија на ИОП<br>• Училиштето  организира заеднички активности (наставни и вонннаставни) со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштето<br>• Родителите навреме се известуваат за постигањата на учениците<br>• Училиштето има свои критериуми за оценување на учениците и ги почитува стандардите, пропишани од БРО<br>• Подобрување на постигањата на учениците преку примена на современи форми и методи во наставата (ИКТ, проекти, презентации, истражувања и сл.)<br>• Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно се применува<br>• Средбите со родителите добро се организирани, а за постигањата на учениците, родителите добиваат евидентни листови, свидетелства, дипломи<br>• Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските и предметните наставници и родителите за постигањата на учениците (на родителски или индивидуални средби)<br>• Учениците кои постигнуваат успех на натпревари се наградуваат со дипломи и пофалници |
| **Слаби страни**<br>• Потреба од поголема поддршка и соработка со Ресурсниот центар во делот на изработка на ИОП<br>• Потреба од поголема комуникација и соработка со МКФ- центарот за функционална проценка, кои обезбедуваат и даваат поддршка |
| **Приоритети**<br>Приоритети на нашето училиште се да оствари поголема соработка со Ресурсниот центар во делот на изработка на ИОП и поголема комуникација и соработка со МКФ- центарот за функционална проценка, кои обезбедуваат и даваат поддршка. |

Изработиле: Челебија Омерагиќ – одделенски наставник (одговорна на тимот)
Рената С. Атанасовска – одделенски наставник
Влатко Дамчевски – предметен наставник
Елвира Хусеиновска – одделенски наставник
Надица Ристеска – предметен наставник
Емилија Паневска – предметен наставник

## Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| **3.1 Училишна клима**<br><br>**3.2 Еднаквост и правичност**<br><br>**3.3 Партнерски однос со заедницата**<br><br>**3.4 Севкупна грижа за учениците** |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Драга Стојановска",с.Ракотинци, Сопиште________ Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 3.1 Училишна клима** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Годишен извештај на училиштето<br>• Годишна програма на училиштето<br>• Кодекс на однесување на наставниците и учениците<br>• Анкетни прашалници | Углед/имиџ на училиштето | Училиштето во локалната средина е<br>работењето, постигањата на учениците во повеќе<br>Сето ова не би било возможно без вклученост н<br>ученици и родители без разлика на етничкат<br>социјалниот статус. Училиштето е препознатливо<br>постигања на учениците и континуираната насочен<br>и мисијата на училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| за ученици, наставници и родители<br>• Пофалби, награди, признанија<br>• Кодекс на училиштето<br>• Годишни планирања на содржините од Образование за животни вештини, Запознавање на околината, Граѓанско образование<br>• Правилник за изрекување педагошки мерки<br>• Одделенски дневници<br>• Куќен ред на училиштето<br>• Статут на училиштето<br>• решение за формирање ученички парламент и избор на ученик правобранител; програма и правилник за работа на ученичкиот парламент и ученикот правобранител | | |
| Резиме (главни наоди) од интервјуа со директор | **Тим на Подрачје 4** | **Подрачје 4:** Резиме од интервју со ди одговори дека соработката со У ниво,работењето е транспарентно, Училишниот одбор. Процесот на обезбедување квалитет во училиште образовната политика преку инко образование,Правилници и акти кои г ги добива од БРО.Училиштето и |

| | | |
|---|---|---|
| | | дисциплината и поведението на учени на учениците,Правилник за изрекув однесување за вработените.Училишт покренати од ученици,родители,о средина.По разгледување на истите училишните политики се информира средби,наставнички совети,известува училиштето се применуваат следните учениците,негување на мултикулту РМ,поттикнување емоционален учениците,развивање самостојност,к способности за учење,воспитување основните слободи и права на чов заедница.Во развојното планирање ученици и локалната заедница и и Просторните капацитети се користат развојната програма се планира згол централното училиште,кабинет по инф од страна на наставниот кадар,се н Процесот на планирање и обезбедува согласно планот за набавки.Училиште кадар,тонери,средства за хигиена.Ро учествуваат во обезбедување хартија. се постапува согласно Законот за о стручни соодветни лица регистрирани МОН,се распишува оглас.Општа конста кадар од природната група предмети учебната година се доставува повратна позитивните и негативните елемент час.Секој наставник задолжително по индивидуални обуки. Училиштето наградување на наставниците кои д пофалба се истакнува на наставничк направат механизми за наградувањ особен интерес во работата. Проце реализација на наставата се одвива работа на училиштето,т.е.два до година.Следењето го врши директор врши со обрасци за следење на информација на наставникот и се и треба да се постигнат со разво споделуваат на наставнички совет,с работи во тимови.-Користењето на бу |

| | | |
|---|---|---|
| | | наставниот кадар за буџетот и за ра училиштето. |
| Резиме (главни наоди) од интервјуа стручна служба | **Тим на Подрачје 3** | **Подрачје 3:** Резиме од интервју с извршеното интервју со педагог на на од прашањата: Кодексот на однесуван се придржуваат кон него. Сите донес целост се придржуваат. Климата во у ниво. Застапеноста на закани, говор секогаш се постапува со советодавни р наставници, предметните наставници е доволно поттикнувачка и мотив дисциплина е во најдобар ред. парламент и ученичкиот правобраните обраќаат до ученичкиот правобранит или групно прекршување на детските детските права и информирање на промовирање на детските права пре работилници, дебати и слично) реа потпомогната од страна на стручните на училиштето. Училиштето ја поттик најразлични начини, индивидуални училиште се организираат работилни пушење, алкохол и дрога, ефектите се најразлични активности преку Учен парламент за запознавање и поч промовирање на еднаков и правичен превенција и заштита од насилство ( слично) реализацијата на овие актив стручните соработници(педагогот и најразлични активности (поттикнуваи акции, различни иницијативи по потр од социјално – загрозени семејства в други релевантни институции. Учени служба. Професионалната ориентациј помагање на учениците и нивните род образованието се организира преку на од Средните училишта за подобро за на училишта и струки во средното об запознавање со начинот на вршење прашалник за запознавање со сопстве информирање и презентирање на образование издаден од МОН. |

| | | |
|---|---|---|
| Резиме (главни наоди) од интервјуа стручна служба | **Тим на Подрачје 4** | **Подрачје 4: Резиме од интервју со стр** меѓу директорот на училиштето и Учил Процесот на градење политики, планн училиштето е исто на солидно ниво. В директорот, стручни соработници, локалната заедница. Соработката е на користат редовно,во зависност од потр останатиот кадар во училиште институции.Предизвиците се соработка;директор,наставен кадар. Н реализација на наставата и воннаста надминуваат со заедничка соработка ненаставен кадар. Процесот се одвива кадарот,согласно годишната програма за професионален развој на секој наст секој наставник се води професионалн личен план за професионален разв професионален развој за тековната основно образование. Училиштето им за пофалување и наградување на н ангажираат преку професионален квалитетот на наставата се одвива н директор,педагог и психолог на учили прво и еднаш во второ полугодие,со посетата на наставниот час и доколку редовно се даваат препораки. |
| Резиме (главни наоди) од интервјуа со стручна служба | **Тим на Подрачје 3** | **Подрачје 3:** Резиме од интервју со стру Од извршеното интервју со психол заклучокот од поставените прашања: Училишниот одбор и во целост се п Вработените во училиштето се придр ученици исто така, доколку дојде до мерки согласно правилникот. Климат одлична за работа и соработка. задоволително ниво, постои меѓусеб училиштето строго се забранува било слично. Средината е поттикнувачка поддршка од наставниците. Работнат Тековно секоја учебна година Уч правобранител си работат, ученичка Учениците преку претседателот на уче обраќаат за прекршени детски права |

| | | |
|---|---|---|
| | | права. Исто така се организираат д тековно соработува со родителите, ред и доколку има потреба ги вклучува ,со Училиштето соработува со сите рел учебната година се реализираат работ од пушење, алкохол и дрога. Правобранител редовно ги промовир Меѓународниот ден на детето оддржу и заштита на детските права, Учениции првата на детето. Во текот на учебна г спречување на насилство и толеранци интерен правилник за спречување на учебната година организира хуманит Крст – Скопје, Соработка со МОН за ф Учениците редовно се обраќаат кај с Психолог). На учениците и родителите училиште, согласно способностите и аф Мај соработуваме со сите средни учил |
| Резиме (главни наоди) од интервјуа со стручна служба | **Тим на Подрачје 4** | **Подрачје 4: Резиме од интервју со стру** Соработката меѓу директорот на учил задоволително ниво. –Процесот на обезбедување квалитет во училишт потреби. Во развојното планирање соработници, наставници, родители, Соработката е на задоволително ни капацитети се користат максимално учениците и наставниците,останатиот соработници со училиштето.Со редо директор,наставници и стручни сор предизвици. Процесот на планиран материјал за реализација на настават согласност со двете страни. Наставниц обуки,работилници и семинари во тек од нивната потреба за унапред напредување зависи од индивидуална можностите што ги нуди МОН. -Инт наставниците за нивните постигнувањ стручните соработници,најмалку двап теренот(четири подрачни училишта).Н насоки доколку постои неусоглас планирање и годишната програма,од соработници.Наставниците на струч |

| | | |
|---|---|---|
| | | дообјаснуваат сите дилеми и нејасноти |
| Резиме (главни наоди) од фокус групи | **Тим на Подрачје 2** | **Подрачје 2:** Тимот од подрачје 2 „По дискусија на фокус група со настав настава. Се дискутираше групната и т констатирано дека наставниците често ЕКО часовите, кога се анализира ист подрачја и одредени области, се со це при учењето на нови содржини. Во те евиденција за напредокот на учениц одделенската и во предметната наст пишан доказ за нивната работа раководители преку индивидуални средби ги известуваат родителите за учениците. Во предметна настава се предметните наставници кои во одред за прием на родители и споделуван поедини предмети. Во одделенска и учениците да учествуваат на натпрева за материјалот, преку наградување, воннаставни активности.<br>Наставниците преку следење на про материјалот, со одржување на допол дека знаењата што ги добиваат учени писмените работи, контролните з Одржувањето на дополнителната и ефикасна и наставниците мислат дека според нивните потреби се усвојуваа прошируваат и продлабочуваат зна учениците кои сакаат повеќе да учат.<br>Постигањата на учениците и сите медиумски се промовираат преку Фе дадена согласност од родителите. |
| Наоди од други видови набљудувања :<br>Анкетен прашалник за Училишен одбор | **Тим на подрачје 4** | **Подрачје 4:** Резултати од анкетен Анкетниот прашалник за Училишниот о Истиот беше пополнет од страна на о одбор. Од направената анализа се доб На следниве прашања: |

| | | |
|---|---|---|
| | | -Дали има директорот придонес во афи<br>-Дали обезбедува услови за сораб инцијативата на Совет на родите локалната заедница,го обезбедува м поднесува извештај на Училишниот од во училиштето.<br>- Го обезбедува маркетингот на училиш<br>Испитаниците одговориле 100% со да,<br>На прашањата:<br>-Директорот со својата работа и однес училиштето, соработува со други учил одговориле со да,се согласувам и 10%<br>* На анкетниот прашалник сите 7 прашањата:<br>-Планира и организира остварување воспитание,<br>-Организира педагошко-инструктиве унапредување на работата на нставни<br>- Презема мерки за извршување на пр и просветните советници.<br>-Се грижи за навремено известување органите на управување за сите праша одговориле со да, се согласувам, пото<br>На прашањата:<br>- Презема мерки во случаи на недол нивното негативно влијание на учени со да,се согласувам и 10% со делумно.<br>-Бара одговорност и работна дисц одговорност во донесување на одлу квалитетот и унапредување на образо 80% со да,се согласувам и 20% со делу |

**ООУ„Драга Стојановска“ с. Ракотинци- Сопиште**
**SH.F.K"DRAGA STOJANOVSKA"f.Rakotincë-Sopishtë**

Ул. „1“, бр. 2А, с.Ракотинци 1054- Сопиште,тел./ факс ++389 02 6201 055
Локална с-ка: 764010351490318 Депонент НБРМ Даночен број 4030973199685

# *ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА*

*ООУ ,,Драга Стојановска“ с. Ракотинци - Сопиште*

*За период септември 2022 - со јуни 2024*

*С.Ракотинци , јуни 2024*

| | |
|---|---|
| **Период на самоевалуација :** | септември 2022 – јуни 2024 година |
| **Вид на училиштето:** | општинско основно училиште |
| **Основач на училиштето:** | Општина Сопиште |
| **Наставен јазик:** | македонски и турски наставен јазик |
| **Претседател на Училишниот одбор:** | Наташа Мицевска |
| **Директор на Училиштето:** | м-р Јасмина Паметковска |
| **Адреса на училиштето:** | Ул „1“ бр. 2А с. Ракотинци - Сопиште |
| **Телефон:** | 02 2742 022 |
| **e-mail:** | ooudragastojanovska@gmail.com |
| | **ou-**draga-stojanova.sopiste@t.mk |
| **web страна:** | www.ooudragastojanovska.edu.mk |

# ИЗВЕШТАЈ

**од самоевалуација на ООУ „Драга Стојановска“ с. Ракотинци - Сопиште за периодот септември 2022 – јуни 2024 година**

Врз основа на членот 129 и 130 од Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр.161/19 и 229/20) Општинското основно училиште „Драга Стојановска“ с. Ракотинци - Сопиште изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од учебната 2022/2023 и учебната 2023/2024 година.
Самоевалуацијата на училиштето е процес преку кој училиштето ја вреднува сопствената практика и сопствената работа, тргнувајќи од анализата на тоа што е планирано и направено и како е направено, односно процес низ кој училиштето добро се запознава самото себе и ги пронаоѓа најдобрите начини за унапредување на својата работа.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 11.04.2024 година формираше Комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

1. **Марија Т. Ѓорѓиевска** – наставник по англиски и германски јазик во централното училиште во с. Ракотинци
2. **Розета Павлова** – одделенски наставник во ПУ во с. Сопиште
3. **Димитар Галабов** – наставник по ликовно образование во централното училиште во с. Ракотинци
4. **Шенај Османова** – наставник по биологија, хемија, географија и природни науки во ПУ во с. Држилово
5. **Ангелина Тодоровска** - родител

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот Април/Јуни 2024 година.
За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 подрачја на квалитет во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| ***Подрачје*** | ***Членови на тимот*** |
|---|---|
| **1. Планирање, настава и учење** | Елена Крстевска – одделенски наставник (одговорна на тимот)<br>Магдалена Т. Симоновска – одделенски наставник<br>Зоран Ристески – предметен наставник<br>Селда Усеин – предметен наставник<br>Маја Димовска – предметен наставник<br>Славица Стаменова – педагог |

*Извештај од самоевалуација на училиштето*

*за периодот* септември 2022 – јуни 2024 година

| | |
|---|---|
| **2. Постигнувања на учениците** | Челебија Омерагиќ – одделенски наставник (одговорна на тимот)<br>Рената С. Атанасовска – одделенски наставник<br>Влатко Дамчевски – предметен наставник<br>Елвира Хусеиновска – одделенски наставник<br>Надица Ристеска – предметен наставник<br>Емилија Паневска – предметен наставник |
| **3.Училишна клима и односи во училиштето** | Маре Миленковска – одделенски наставник (одговорна на тимот)<br>Рената Трпчевска – одделенски наставник<br>Кристијан Саздановски – предметен наставник<br>Владимир Јаковчевски – предметен наставник<br>Џејлан Зулбеари – одделенски наставник<br>Ердал Мусли – одделенски наставник |
| **4. Управување, раководење и креирање политики** | Марина Ѓ. Крстевска – предметен наставник (одговорна на тимот)<br>Христифор Пејовски – предметен наставник<br>Назли Алче – предметен наставник<br>Сања М. Коцевска – одделенски наставник<br>Маја Стаменкова – одделенски наставник |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

**Комисијата, извештајот за извршената самоевалуација со предлог мерките за подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа го доставува до :**

**-директорот и наставничкиот совет,**

**-училишниот одбор и**

**-основачот на училиштето -Советот на Општината Сопиште**.

*Извештај од самоевалуација на училиштето*

*за периодот* септември 2022 – јуни 2024 година

Училишниот одбор и директорот треба да ги имаат во предвид препораките од спроведената самоевалуација при изработката на годишната програма за работа и развојната прогарама на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

## Подрачје 1: *ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ*

Членови на тимот: Елена Крстевска, Маја Димовска, Селда Хусеин, Магдалена Тоневска Симоновска, Славица Стаменова, Зоран Ристески

## Индикатори:

1.1. Планирања на наставниците
1.2. Наставен процес
1.3. Искуства на учениците од учењето
1.4. Оценувањето како дел од наставата
1.5. Воннаставни активности и натпревари

**Анализа на резултатите:**

Училиштето им дава поддршка на наставниците за поуспешно подготвување и осовременување на НПП и ЛППР (Личен план за професионален развој), преку посетување на семинари, вршење дисеминација од посетени обуки и семинари, работа на проекти и сл. Во училиштето има пропишани приоди и утврдени

процедури за следење на квалитетот на планирањата на наставниците, од страна на директорот и стручните соработници. Најмалку двапати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот и / или стручните соработници и наодите од следењето се користат за подобрување на процесот на планирање на наставата.

Сите наставници имаат подготвени годишни, тематски планирања за редовната, додатната и дополнителната настава и подготовки за наставен час, како и за воннаставни активности, кои ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на часот. Планирањата на наставниците содржат јасни насоки за тоа што се очекува да научат учениците (кои се очекуваните исходи од учењето), на кој начин и кога. Начинот на оценување е јасно утврден во планирањето, а наставниот кадар информациите од оценувањето ги користи, за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето.

Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од МОН. Наставните планови, програми и индивидуалните образовни планови во целост се реализираат во пропишаниот обем. Во наставните содржини вклучени се сите точки на акции од воспоставените еколошки стандарди за одржлив развој и еколошки теми, часови со интегрирани цели од МИО, ненасилство и професионална ориентација.

Училиштето ги нуди сите изборни / слободни изборни активности и предмети, предвидени со НПП од МОН и Водичот за слободни изборни предмети во основното образование од БРО. Постапката за избор на наставни предмети се применува во целост, со доследно почитување на потребите и интересите на учениците.

Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и настава. Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин. Активностите се со различно ниво на сложеност, а изборот на задачите е прилагоден на индивидуалните образовни потреби и различните стилови на учење на учениците.

Нашето училиште обезбедува и промовира еднаквост на сите ученици независно од полот, националноста, етничката и верската припадност и социјалниот статус. Наставниците се проактивни во создавање клима за надминување на полови, етнички, религиски и други стереотипи и предрасуди во однос на културните разлики, способностите, физичкиот хендикеп, интелектуална попреченост итн. Изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците. Различните интерактивни методи промовираат градење на доверба меѓу наставниците и учениците.

Во училиштето работи Инклузивен тим, како и Тим за надарени и талентирани ученици. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно законската регулатива. Училиштето активно соработува со надлежниот ресурсен центар за унапредување на наставата за учениците со попреченост. Сите наставници имаат изготвени долгорочни, среднорочни и краткорочни (во склоп на дневните планирања) ИОП – и за учениците со ПОП, кои ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на часот. Континуирано се следи напредокот на учениците со ПОП, преку изготвени инструменти.

Тимот за училишна интеграција го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО и за тоа подготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи. Во училиштето има добри примери на активности преку кои се негува меѓуетничката интеграција во образованието.

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и мотивирачка средина која поттикнува интерес за учење. Секој ученик добива можност да има изложен труд во училницата и во училиштето. Учениците во училиштето имаат пристап до различни материјали за учење.

Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците, односно користат разновидни форми на работа кои придонесуваат учениците активно

да учествуваат во активностите за време на часот. Во наставата се користат приоди кои поттикнуваат решавање проблеми, а учениците се охрабруваат самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот.

Наставниот кадар и стручните соработници системски ги идентификуваат образовните потреби на учениците. Во процесот на учење, пак, наставниците преземаат активности за задоволување на потребите на учениците и отстранување на пречките при учењето.

Училиштето ги применува законските и подзаконските прописи што го регулираат оценувањето на учениците, и има дефинирана политика за оценувањето, чија основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. Училиштето има усогласени стандарди и критериуми за оценување на учениците и со нив учениците и родителите се целосно запознаени.

Наставниците користат различни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците. Голем акцент се става на вреднувањето на тековните постигања на учениците и идентификувањето на идните активности што ќе се применуваат во учењето и поучувањето.

Нашето училиште планира и реализира воннаставни активности кои имаат широка содржина, како и различни форми за вклучување на учениците. Воннаставните активности ги одразуваат и задоволуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен и социјален развој. Сите ученици активно се вклучени барем во една воннаставна активност и тоа по сопствен избор. Групите се хетерогени и обезбедуваат меѓуетничка интеграција и основи за градење соживот.

Учениците со ПОП се вклучени во воннаставните активности, според своите можности и интереси.

Во училиштето се реализираат воннаставни активности предложени од учениците. Учениците се вклучени во подготвувањето на програмите за воннаставни активности, со помош и поддршка од училиштето. Работат на проекти, учествуваат на различни манифестации и постигнуваат високи резултати на натпреварите од различни области, организирани од акредитирани здруженија на општинско, регионално и државно ниво. Учениците со освоените награди на натпреварите, но и на другите активности кои имаат натпреварувачки карактер, придонесуваат за афирмација на училиштето.

**Клучни јаки страни:**

- Училиштето им дава поддршка на наставниците за поуспешно подготвување и осовременување на НПП и ЛППР.
- Наставниците користат стратегии на поучување кои соодветствуваат на образовните потреби и можности на учениците и нивните стилови на учење.
- Различните ресурси се употребуваат на функционален начин и во насока на примена на современи приоди во наставата.
- Нашето училиште обезбедува еднаквост на сите ученици, независно од етничката припадност и култура.
- Наставниците се проактивни во создавање клима за надминување на стереотипи и предрасуди.

- Во училиштето работи Училишен инклузивен тим.
- Во училиштето има добри примери на активности преку кои се негува меѓуетничката интеграција во образованието и мултикултурализмот.
- Учениците го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и мотивирачка средина.
- Наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци.
- Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот.
- Училиштето системски ги идентификува образовните потреби на учениците и презема активности за задоволување на истите.
- Училиштето има дефинирана политика за следење, анализа и поддршка на оценувањето.
- Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците.
- Училиштето планира и реализира воннаставни активности кои ги одразуваат и задоволуваат потребите и интересите на учениците и кои го поддржуваат нивниот личен и социјален развој.

**Слаби страни:**

- Недоволна соработката меѓу стручните активи, преку дисеминација и споделување добри практики.
- Во реализација на наставата не се употребуваат повеќе современи нагледни средства како смарт табли и современи методи и техники
- Учениците не се доволно активно и во поголем процент вклучени во изборот и планирањето на воннаставните активности и изборните предмети.

**Приоритети:**

- Зајакнување на соработката меѓу стручните активи, преку дисеминација и споделување добри практики.
- Во реализација на наставата да се употребуваат повеќе современи нагледни средства како смарт табли и други современи методи и техники

## Подрачје 2: *ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ*

*Извештај од самоевалуација на училиштето*
*за периодот* септември 2022 – јуни 2024 година

Членови на тимот: Челебија Омерагиќ, Рената С. Атанасовска, Влатко Дамчевски, Елвира Хусеиновска, Надица Ристеска, Емилија Паневска, Милка Апостоловска

## Индикатори:

2.1. Постигнувања на учениците
2.2. Мерки за подобрување на постигањата

**Анализа на резултатите:**

Во ООУ „Драга Стојановска“ с. Ракотинци - Сопиште наставата се реализира на македонски и турски наставен јазик и во истата се опфатени ученици од македонска и турска националност.

Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигнувањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди и презема активности за нивно подобрување.
Резултатите од анализите на извештаите се користат за подобрување на постигнувањата на учениците и воспитно-образовниот процес. Се споредуваат постигнувањата по квалификациони периоди и училиштето (наставниците и стручната служба) планира и презема активности за континуирано подобрување на постигнувањата.

За учениците со посебни образовни потреби идентификацијата се врши при самиот упис во училиште, додека за надарените и талентираните ученици согласно програмата и акциониот план за работа со надарени и талентирани ученици идентификацијата се врши во првото тромесечие.
Освен изготвување на програми, индивидуалниот пристап и постојаната поддршка на учениците, за подобрување на постигањата во редовната настава, наставниците изготвуваат програма за дополнителна настава и додатна настава.

Училиштето применува своја уписна политика при запишување во прво одделение која опфаќа: соопштение / оглас за упис во прво одделение со

потребните документи и услови и доставување покани до родителите од нашиот реон според реонизацијата од општината. Уписот го врши комисија составена од психологот, педагогот и наставниците кои ќе водат прво одделение на начин предвиден во Законот за основно образование.

Се води евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик/ученичка во електронскиот дневник, евидентните листови на секое тримесечие, свидетелства, како и за неговиот/нејзиниот интелектуален, социјален и емоционален развој.
Според анализите во секој квалификационен период, редовноста на учениците задоволува. Отсуствата се најчесто оправдани со медицински белешки. Најголемиот број изостаноци се прават во сезоната на грип.

Личните постигања на учениците се промовираат преку учевство на натпревари, литературни конкурси, ликовни изложби, квизови, музички настапи.

**Клучни јаки страни:**

- Во нашето училиште прецизно се евидентирани сите податоци за постигнувањата на учениците. Училиштето располага со податоци за постигнувањата на учениците според пол, етничка припадност и според јазикот на кој учениците ја следат наставата.
- Се врши анализа и споредба на постигнувањата по квалификациони периоди и според истите училиштето планира и презема активности за континуирано подобрување на постигнувањата.
- Наставниците во соработка со стручната служба ги идентификуваат учениците кои имаат тешкотии во учењето и кон нив имаат индивидуален пристап и диференцирани цели.
- Наставниците изготвуваат Индивидуална образовна програма наменета за деца со посебни образовни потреби и по потреба се врши ревизија на ИОП.
- Училиштето организира заеднички активности (наставни и воннаставни) со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштето.
- Родителите навреме се известуваат за постигањата на учениците.
- Училиштето има свои критериуми за оценување на учениците и ги почитува стандардите, пропишани од БРО.
- Учениците имаат подобри постигнувања како резултат на примена на современи форми и методи во наставата (ИКТ, проекти, презентации, истражувања и сл.)

*Извештај од самоевалуација на училиштето*

*за периодот* септември 2022 – јуни 2024 година

- Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно се применува.
- Средбите со родителите добро се организирани, а за постигањата на учениците, родителите добиваат евидентни листови, свидетелства, дипломи.
- Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските и предметните наставници и родителите за постигањата на учениците (на родителски или индивидуални средби).
- Учениците кои постигнуваат успех на натпревари се наградуваат со дипломи и пофалници.

**Слаби страни:**

- Потреба од поголема поддршка и соработка со Ресурсниот центар во делот на изработка на ИОП.
- Потреба од поголема комуникација и соработка со МКФ - центарот за функционална проценка, кои обезбедуваат и даваат поддршка.

**Приоритети:**

- Училиштето да оствари поголема соработка со Ресурсниот центар во делот на изработка на ИОП
- Поголема комуникација и соработка со МКФ- центарот за функционална проценка, кои обезбедуваат и даваат поддршка.

*Извештај од самоевалуација на училиштето*
*за периодот* септември 2022 – јуни 2024 година

## Подрачје 3: *УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО*

Членови на тимот: Маре Миленковска, Рената Трпковска, Кристијан Саздановски, Владимир Јаковчевски, Џејлан Зулбеари, Ердал Мусли.

## Индикатори:

3.1. Училишна клима
3.2 Еднаквост и правичност
3.3 Партнерски однос со заедницата
3.4 Севкупна грижа за учениците

**Анализа на резултатите:**

Училиштето е препонзнатливо во локалната средина како училиште кое промовира високи постигнувања, редовност, дисциплина на учениците и соработка со локалната заедница. Во училиштето се реализираат специфични воннаставни активности по кои е препознатливо во средината.
Училиштето има изградено систем на промовирање на постигнувањето на сите ученици во рамките на училиштето и во пошироката средина. Училиштето има кодекс на однесување во кои се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето на сите структури, како и процедури за постапување во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување.
Во училиштето постои професионлна соработка меѓу вработените. Раководниот, наставниот кадар и останатите вработени придонесуваат за одржување позитивна атмосвера во училиштето. Сите ученици се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето.
Училиштето има куќен ред, кој го почитуваат учениците и вработените. Се применува правилникот за изрекување педагошки мерки и тимот за поддршка работа за надминување на проблемот поради кои е изречена педагошка мерка. Во училиштето функционира Ученички парламент кој го одразува етничкиот состав на училиштето и Ученички правобранител. Учениците члениви на Ученичкиот парламент редовно се покануваат и присиуствуваат на одредени состаноци на Училишен одбор, Совет на родители. Наставнички совет.
Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Училиштето организира активности со дел од родителите/старателите за да ги запознаат со Правата на децата. Училиштето промовира еднаков и правичен третман кон сите ученици. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од

работата на училиштето им се достапни на родителите. Училиштето превзема активности за вклучивање на родителите во подобрување на воспитно-образовната работа на училиштето. Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности, акции и организирање и учество на настани од интерес на училиштето и заедницата. Училиштето има протокол во кој се дефинирани и по кој постапува за сите облици на насилство. Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето. Во училишната зграда, на видни места има истакнато знаци за забрана од пушење, но и за забрана за внесување и конзумирање на алкохол и наркотични средства.
Во училиштето се реализираат голем број активности за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства. Во училиштето се води кампања за здрава исхрана.Тоалетите се чисти во секое време од денот. Скалите, подот во училниците и останатиот училишен простор редовно се чистат на секој одмор, мебелот еднаш во неделата, а прозорците, вратите и другиот инвентар повеќе пати во секое полугодие.
Дворот на училиштето е чист, но недоволно хортикултурно уреден.
Во случај на појава на заразна болест, училиштето усвојува процедура за заштита од нејзино ширење.

Сите вработени и ученици вршат систематски прегледи.
Во училиштето има ПП апарати кои редовно се сервисираат. Има документ за извршено мерење на громобранска инсталација. Во училишната зграда постои план за евакуација кој е поставен на видно место и еднаш годишно се врши симулација за брзо напуштање на зградата во случај на елементарни непогоди и друга опасност.
Училиштето ги идентификува и обезбедува материјалните средства за учениците од социјално загрозени семејства во соработка со општината. Реализација на наставата се спроведува во соработка со родителите/старателите, локалната заедница и/или други релевантни институции. Стручната служба во училиштето има механизми за препознавање на емоционалните тешкотии кај учениците. Стручните соработници се обучени да им помогнат на учениците со емоционалните тешкотии и на нивните родители/старатели или да ги упатат до релевантните институции. Во училиштето се спроведуваат активности за социо/емоционално учење.
Училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за продолжување на образованието. За цел организира сопствени активности и корисни промотивни материјали од образовните институции за професионална ориентација на учениците.

**Клучни јаки страни:**

- Меѓусебното почитување и разбирање како меѓу наставниците, така и меѓу наставниците, учениците и останатиот персонал

- Училиштето има критериуми за оценување на учениците
- Динамична, работна, пријатна и творечка атмосфера за време на наставата.
- Учениците се мотивирани да учествуваат на општински, регионални и државни натпревари.
- Во училиштето функционира Ученички парламент и учениците навремено и целосно се информирани од страна на претставникот на Ученичкиот парламент за работи кои се од нивен интерес.
- Училиштето ја негува родовата сензитивност и во него постои еднаков и правилен третман кон учениците од различна полова и етничка припадност и социјално потекло, ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот
- Училиштето соработува со родителите и им дава континуирана повратна информација за постигнувањата на нивните деца.
- Почитување на индивидуалните особини на ученикот, следење на емотивните, социјалните и физичките потреби на секој ученик.
- Училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за продолжување на образованието.

**Слаби страни:**

- Мал број на вработени активно учествуваат во проекти од интерес на заедницата, како и во проекти кои вклучуваат соработка на училиштето на меѓународно ниво.
- Недоволен кадар (дефектолог, социолог, асистент).

**Приоритети:**

- Да се стави акцент на кадарот потребен за учениците со посебни потреби (да се обезбеди дефектолог, асистент, социолог)

## Подрачје 4: *УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ*

*Извештај од самоевалуација на училиштето*
*за периодот* септември 2022 – јуни 2024 година

Членови на тимот: Марина Ѓ. Крстевска - одговорен наставник,
Маја Стаменкова, Христифор Пејовски, Назли Алче, Сања М. Коцевска

## **Индикатори:**

4.1. Управување и раководење со училиштето
4.2. Цели и креирање на училишната политика

**Анализа на резултатите:**

Училишниот одбор е колективен орган на управување. Него го сочинуваат 7 членови: 3 претставници од наставниците, 3 претставници од Советот на родители, 1 претставник назначен од основачот. По покана, на седниците на Училишниот одбор учествува и директорот на училиштето.

Училишниот одбор работи и одлучува на седници кои се свикуваат по потреба, а по иницијатива на: Претседателот на УО, на барање на директорот и на барање на најмалку 1/3 од членовите на УО.

Работата на УО е регулирана со Деловник за работа.

Училишниот одбор води записник за својата работа и во него се внесуваат сите важни елементи од седницата како и донесените одлуки и заклучоци кои редовно се усвојуваат на следната седница. Одлуките донесени на седницата на Училишниот одбор претставува правна основа за постапување како на Училишниот одбор така и на директорот, стручните служби, наставниците и другиот персонал во училиштето.

Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури, што се констатира од прашалникот за членовите на УО.Сите искази кои се однесуваат на работата на директорот, раководењето, креирање на училишна политика и развојно планирање, членовите на Училишниот одбор го оцениле како многу позитивно односно целосно се согласуваат.

Преку Наставничките совети сите наставници се информирани за одлуките на УО кои се однесуваат на воспитно-образовниот процес а останатите преку информациите кои се наоѓаат на огласната табла во училиштето.

Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности.

*Извештај од самоевалуација на училиштето*

*за периодот* септември 2022 – јуни 2024 година

Библиотеката е место каде учениците можат да земаат книга, достапна е за сите ученици и вработени.

Училиштето постојано се труди да обезбеди соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручни соработници согласно нормативот за работа во основното училиште. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство. Секогаш се постапува согласно Законот за основно образование. Доколку нема стручни соодветни лица регистрирани во АВРМ,по добиена согласност од МОН, се распишува оглас. Општа констатација е дека има помалку наставен кадар од природната група предмети.

Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Секој наставник задолжително посетува обуки од страна на БРО и индивидуални обуки.

Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот.

Училиштето нема воспоставено механизам за наградување на наставниците кои дополнително се ангажираат. Усната пофалба се истакнува на наставнички совет. Во следниот период ќе се направат механизми за наградување и наставниците кои покажуваат особен интерес во работата.

Процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет во училиштето се спроведува во согласност со образовната политика преку инкорпорација на Законот за основно образование, Правилници и акти кои ги носи МОН и насоки кои училиштето ги добива од БРО.

Училиштето има своја политика поврзана со дисциплината и поведението на учениците, според Кодекс на однесување на учениците, Правилник за изрекување педагошки мерки, Кодекс на однесување за вработените.

Училиштето е отворено за иницијативи покренати од ученици, родители, образовниот кадар и локалната средина. По разгледување на истите се донесуваат соодветни одлуки. За училишните политики се информирани сите субјекти, преку родителски средби, наставнички совети, известувања и огласи на огласна табла. Во училиштето се применуваат следните работи: правилен физички развој кај учениците, негување на мултикултурализмот и мултиетничност во РСМ, поттикнување емоционален и социјален развој кај учениците, развивање самостојност, креативност, интерес за знаења и способности за учење, воспитување на учениците и почитување на основните слободи и права на човекот за живеење во демократска заедница.

Целите во развојната програма се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. При нивното поставување се вклучени наставниците-ментори, наставниците, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Соработката помеѓу нив е солидна. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање.

Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма, а планираните цели се реализираат доследно.

*Извештај од самоевалуација на училиштето*

*за периодот* септември 2022 – јуни 2024 година

Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, постигнувањата на учениците, како и на развојот на училиштето во целина.

**Клучни јаки страни:**

- Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителите при донесувањето одлуки.
- Училиштето обезбедува потребен потрошен материјал за реализација на наставните и вонаставните активности.
- Училиштето обезбедува информации за наставниците што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање.
- Наставниците учествуваат во интерни и екстерни обуки согласно со нивните потреби.
- Училиштето ги поттикнува наставниците стручно да се усовршуваат.
- Училишниот одбор транспарентно ги објавува сите донесени одлуки.
- Училишната библиотека е достапна за сите ученици.
- Наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен.
- Учениците се информирани за активности кои ги планира училиштето за следниот период.
- Учениците можат да земат книга/лектира од училишната библиотека во секое време.
- Училиштето обезбедува навремена замена при отсуство на наставник.
- Учениците навремено се запознаени со сите потребни информации (преку вибер групи, ФБ и веб страната на училиштето).
- Директорот подеднакво ги распределува обврските и задачите на сите наставници.

**Слаби страни:**

- Недоволна опременост на библиотеката со библиотичен материјал**.**

- Немање механизми за наградување на наставниците и стручните соработници кои покажуваат особен интерес во работата.
- Училиштето има потреба од проширување на тимот на стручни соработници (дефектолог).

**Приоритети:**

- Да се направат механизми за наградување на наставниците и стручните соработници кои покажуваат особен интерес во работата
- Средување и опремување на училиштната библиотека со библиотечен материјал и инвентар

*Извештај од самоевалуација на училиштето*

*за периодот* септември 2022 – јуни 2024 година

Според извршената самоевалуција на училиштето и резултатите од неа, *Комисијата за изготвување извештај за самоевалуација* предлага мерки за надминување на слабите страни на училиштето. Со тоа ќе се придонесе за поголем напредок и развој на училиштето, осовременување на наставниот процес и подигнување на стандардите за учење.

## Предлог - мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето

**1.О**д Подрачје 1 (Планирање, настава и учење) предлог – мерка :

- **Зајакнување на соработката меѓу стручните активи, преку дисеминација и споделување добри практики**

**2.О**д Подрачје 2 (Постигнувања на учениците) предлог – мерка:

- **Поголема соработка со Ресурсниот центар во делот на изработка на ИОП и поголема комуникација и соработка со МКФ- центарот за функционална проценка, кои обезбедуваат и даваат поддршка**

**3.Од** Подрачје 3 (Училишна клима) предлог – мерка:

- **Да се обезбеди кадар потребен за учениците со посебни потреби (дефектолог, асистент, социолог)**

**4.Од** Подрачје 4 (Управување, раководење и креирање политики) предлог – мерка:

- **Доопремување на библиотеката со инвентар и библиотичен материјал**

*Извештај од самоевалуација на училиштето*

*за периодот* септември 2022 – јуни 2024 година

**Дата:**
**17.06.2024 год**.

**Комисија за самоевалуација:**

**Марија Т. Ѓорѓиевска – предметен** наставник -----------------------------

**Розета Павлова - одд.наставник** ---------------------------------------------

**Димитар Галабов - предметен наставник**-------------------------------------

**Шенај Османова предметен наставник** --------------------------------------

**Ангелина Тодоровска -родител** ------------------------------------------------

Директор:

М-р Јасмина Паметковска